Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 05-1636/
14. 07. 2020
Скопје/Shkup

Друштво за производство, промет и услуги
ДАУТИ КОМЕРЦ АД увоз-извоз
Бр. 05-2219/1
16.07.2020 год.
с.Бојане-Сарај

# ДОГОВОР

## на стоки – средства за заштита од коронавирус за потребите на вработените на Министерството за правда и Подрачните одделенија ( COVID 19)

*Склучен на ден _______________ помеѓу:*

**1. Министерството за правда на Република Северна Македонија, со седиште на ул. „Димитрие Чуповски“ бр.9 Скопје, ЕДБ 4030990254525 и ЕМБЦ 4065964 со овластување од министерот за правда претставувано од заменик министерот за правда Оливер Ристовски** *(Во натамошниот текст:* **Договорен орган)** *и*

**2. ДАУТИ КОМЕРЦ ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ УВОЗ-ИЗВОЗ АД с.БОЈАНЕ ОПШТИНА САРАЈ, со седиште на ул 1723 бр 20 Сарај, Скопје, даночен број 4030990240095, ЕМБС 4142144 жиро сметка 250000000007386 депонент на Шпаркасе Банка, претставувано од одговорното лице - Џемаил Даути, (во понатамошниот текст: Носител на набавката)**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

*Предмет на овој договор е набавка на стоки – средства за заштита од коронавирус за потребите на вработените на Министерството за правда и Подрачните одделенија ( COVID 19) - ДЕЛ 1 – Заштитни маски за повеќекратна употреба .*

**Член 2**

*Носителот на набавката, според спецификацијата во тендерската документација треба да достави:*

| Основни технички карактеристики | Назив/вид на понудената стока | Количина |
| --- | --- | --- |
| Респираторна маска за повеќекратна употреба со можност за перење и највисоко ниво на заштита за спречување на внес на бактерии вируси, смог и полен (N95 или FFP2) соодветно на стнадрдот EN 149-2001 „или еквивалент„ без вентил изработени од памук, микрофибер или сличен квалитетен материјал, во повеќе големини: M, L, XL | Респираторна маска за повеќекратна употреба KN 95 | 300 |
| **Заштитни маски - платнени маски за повеќекратна употреба кои можат да се перат, изработени од квалитетен материјал ( 100%памук со ластик за фиксирање на маската позади уши) во повеќе големини: M, L, XL** | **Платнена маска за повеќекратна употреба** | **500** |

## *II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 3**

*Вкупната вредност на Договорот за набавка на стоката од член 2 согласно прифатената понуда доставена од носителот на набавката, изнесува 100.300,00 денари, од кои 85.000,00 денари без ДДВ, како и ДДВ во износ од 15.300,00 денари.*

## *III.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 4**

*Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишувањето на Договорот од страна на двете договорни страни и евидентирање во архивата на Договорниот орган.*

*Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на Договорот веднаш по склучувањето на Договорот, сукцесивно и тоа за период од 12 (дванаесет) месеци.*

## *V.НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ*

**Член 5**

*Договорните страни се согласни плаќањето на стоката која е предмет на Договорот да се врши вирмански во рок од 60 дена, сметано од денот на доставувањето на фактурата за испорачанатa стока во архивата на Договорниот орган на ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје.*

## *VI.НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА*

**Член 6**

*Носителот на набавката е должен испораката на стоката да ја извршува сукцесивно во рок од 1(еден) работен ден по добивањето на писмениот налог кој се доставува по електронска пошта од страна на овластено лице на Договорниот орган .*

*Носителот на набавката е должен испораката на стоката да ја врши согласно предвиденото во став 1 на овој член во период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на склучувањето на Договорот или до целосно искористување на количините или исцрпување на средствата предвидени во Договорот.*

## *VII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 7**

*Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или истата ќе ја извршува ненавремно, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските во дополнително дадениот рок или да го раскине Договорот и да бара надомест на штета.*

*Доколку Носителот на набавката не ги извршува услугите квалитетно или постапува спротивно на дадената понуда и техничките спецификации, Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот со доставување на*

писмено известување во рок од 5(пет) дена, сметано од денот на приемот на известувањето.
За уредно извршено доставување на известувањето ќе се смета и доставување направено преку електронска пошта на Носителот на набавката.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, НЕИСПОЛНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Носителот на набавката е должен да го реализира предметот на Договорот и во случај на доцнење или неисполнување на предметот на Договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право да бара надомест на штета или договорна казна.
Во случај на настанување на штетата поради неисполнување или ненавремено исполнување и неквалитетно извршување на обврските од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган може да го раскине овој Договор согласно член 7 и да бара надомест на штета.
Договорната казна се определува во висина од 0,1% од вредноста на неизвршената услуга за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршената услуга.
Во случај на неисполнување на Договорот, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката да го раскине Договорот. Во тој случај носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на осигурениот, доколку таква штета настанала поради раскинување на Договорот.

## IX. КОРУПЦИСКО И ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

### Член 9

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## X.ВИША СИЛА

### Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор настанато заради виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

*Ако една од договорните страни е спречена во исполнување на утврдените обврски од овој Договор, поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата договорна страна со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.*
*Неисполнувањето на договорените обврски како последица од делување на виша сила не се смета за кршење на Договорот и не се санкционира согласно одредбите од овој Договор и одредбите од ЗОО.*
*За регулирање на прашања околу измената на условите на основниот Договор, поради делување на виша сила, договорните страни ќе склучат Анекс кон овој Договор, веднаш по нормализирањето на состојбите.*

## *XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

### *Член 11*

*Сите известувања, барања, согласности, одобрувања и друго се поднесуваат во писмена форма. Секое такво известување, барање, согласности, одобрувања и друго ќе се смета за направено и дадено тогаш кога е испратено до другата договорна страна преку препорачана пошта и тоа за:*
*- Договорниот орган на адреса: ул.„Димитрие Чуповски" бр. 9, 1000 Скопје;*
*-Носителот на набавката на адреса: бул.„Климент Охридски" бр.26, Скопје.*

### *Член 12*

*Носителот на набавката се обврзува да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни на трети лица, податоците кои потекнуваат од или се однесуваат на Договорниот орган, а со кои се запознал во текот на извршувањето на Договорот.*

### *Член 13*

*Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите на овој Договор само спогодбено и со склучување на Анекс кон овој Договор по писмен пат, и во согласност со Законот за Јавните набавки и тендерската документација, Закон за облигационите односи и други важечки законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија.*
*Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата договорна страна да го достави во писмена форма.*

### *Член 14*

*За сè она што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за облигационите односи и важечките прописи во Република Северна Македонија.*

### *Член 15*

*Договорните страни се согласни сите евентуални спорови кои што можат да настанат од примената на овој Договор да ги решаваат спогодбено согласно добрите деловни обичаи.*

*Доколку договорните страни не успеат да дојдат до спогодбено решение за настанатиот спор, тие се согласни, спорот да го доделат на решавање на стварно и месно надлежниот граѓански суд во Скопје, согласно важечките позитивни прописи на Република Северна Македонија.*

**Член 16**

*Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.*

*ДОГОВОРНИ СТРАНИ*

| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА** | **Дауши комерц Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД,** |
| **По овластување на Министер за правда** | |
| **Заменик Министер** | **Одговорно лице** |
| **Оливер Ристовски** | **Џемаил Дауши** |

*Подготвил: Марина Миновска, Советник*
*Одобрил: Убавка Маневска Скаловска, Раководител на сектор*
*Лице за преземање на финансиски обврски: Радица Лазаревска Геровска, државен советник*